# ЗАПИСНИК
## од 38-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 29.09.2022 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, м-р Ивона Муфишева, м-р Александар Џуваревиќ, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 38-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 37-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.09.2022 година.
2. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка - стока: Електрична енергија.
3. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – услуга: физибилити студија за оправданост за поставување на фотоволтаична централа во седиштето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата поради техничка неможност да се подготви предложениот документ, го одложи усвојувањето на Записникот од 37-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 29.09.2022 година, за една од наредните седници.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - стока: Електрична енергија. Објасни дека средствата што беа предвидени за 1 година за набавка на електрична енергија се потрошија за два и пол месеци. Од 1 октомври Агенцијата ќе биде приклучена на ЕВН се додека по пат на јавна набавка не се избере фирма која ќе доставува електрична енергија. И покрај мерките што се преземаат за заштеда на електрична енергија, Агенцијата успеа да заштеди струја во обем на потрошени киловати за месец август но зголемувањето на цената на струјата на берзата беше драматична и сметката во август е поголема и изнесува нешто над 900 илјади денари за еден месец. Од таа причина се предлага да се распише нова јавна набавка за да може и понатаму да се продолжи со снабдување на електрична енергија.

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ објасни дека сметките се повисоки заради зголемувањето на цената по киловат час а не на потрошувачката. Цената на киловат час во јуни 2022 година беше 3,93 денари, во јули 2022 година 26,43 денари а, во август 2022 година беше 35,27 денари.

Г-дин Фиданоски рече дека апсолутно ќе даде поддршка за предлогот и ќе апострофира два моменти. Првиот момент е од она што успеал да го види од техничката спецификација дека во летните месеци најмногу се троши електрична енергија според прикажаната табела, заради ладење на сервер салата и ред други работи. Се надева дека тоа ќе оди со намалување во следните месеци но како ќе биде не се сигурни. Она што го зборувале на претходната седница а во врска со Точката 3, предлогот за поставување на фотоволтаици, се надева дека таа постапка ќе оди брзо за да може да се стават во употреба. Вториот момент е од технички аспект односно лингвистичка забелешка во техничката спецификација, во Точка 2 над првата табела зборот „априксимативна количина“ да се коригира во „апроксимативна количина“ или во македонскиот јазик има подобар збор „приближно количество“.

Г-дин Трајчевски објасни дека во месец август се преземени мерки за штедење кои во септември сè уште повеќе зголемени, едниот лифт е исклучен од употреба, ладење воопшто не се употребува, со тоа што смета дека во септември по киловати ќе има најголема заштеда, но од друга страна загрижува зголемувањето на цената на електричната енергија. Колку АВМУ да прави заштеди цената на струјата толку многу оди нагоре така што таа заштеда од финансиски аспект не може да се почувствува.

Г-дин Фиданоски се согласи со дискусијата на директорот и рече дека ќе има заштеда во киловати но цената на струјата „дивее“ на берзите во овој период и не може да се знае колкава ќе биде крајната фактура.

Г-дин Петрушевски предложи да се размисли за предлогот што го даде г-дин Трајчев на една од претходните седници за работа од дома.

Г-дин Трајчевски рече дека се разгледува таквата можност, има направено и план. Ако има парно греење и во зависност од сметката за струја за септември што ќе се добие во октомври и најдоцна од 1 ноември 90% - 95% од вработените да работат од дома додека останатите кои не можат да работат од дома поради процесот на работа како архивата и правниот сектор кои мораат да имаат увид во тековните постапки кои се водат а тоа не може да го прават онлајн, да се менуваат во смени и да работат максимум во две канцеларии. Секако останува можноста доколку има неопходна

потреба да се доаѓа во работните простории, заради потпишување на документи и нивна реализација. За оваа можност рече дека е разговарано и со директорот на Агенција за млади и спорт и тие се на истиот став. Заштедата во однос на електричната енергија и топлинската ќе треба да биде значително помала со надеж дека цената на струјата нема драматично да расте за да уште повеќе ги зголеми сметките.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – стока: Електрична енергија.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-стока: Електрична енергија е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та година.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка–услуга: физибилити студија за оправданост за поставување на фотоволтаична централа во седиштето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Објасни дека согласно Законот, за да се премине во фаза ако има оправданост за монтажа на фотоволтаици, претходно мора да биде изработена ваква физибилити студија.

Г-дин Трајчев рече дека го поддржува предлогот и претходните седници се разговараше за согласноста за нивно поставување. Наведе дека има едно укажување како и претходно многупати. Не реагирал на минатата седница во однос на определувањето на бодовите за квалитет и цена. Може да разбере 70% цена и 30% квалитет но во таа насока рече дека ќе го даде неговиот став иако Советот не е надлежен сепак има право да укаже. Рече дека за цената 30% а квалитет 70% за него е малку чудно во вакви постапки. Неговото укажување и неговото лично мислење е дека процентот на цената треба да биде повисок.

Г-дин Трајчевски рече дека овде станува збор за сериозна инвестиција и сериозен проект и затоа е ставено да се изработи со универзитетите, факултетите кои што ја обработуваат оваа проблематика за да се добие навистина квалитетно решение и од таа причина повеќе ќе се цени квалитетот од цената.

Г-дин Петрушевски рече не само што студијата ќе ги дефинира работите како ќе се трошат оние поголеми пари од 4 милиони денари, ќе даде одговор и на други прашања. Искрено очекува и да се намали цената. Областа не е многу стандардна, сега последниве неколку години фотоволтаиците се актуелни, така што претпоставува дека одѕивот ќе биде поголем, ќе се јават повеќе фирми и доколку немаат доктор на науки или магистер ќе си склучат договор. Се изјасни дека ќе даде поддршка, она што го кажал г-дин Трајчев рече дека тоа е во делокругот на самостојна работа на службите и директорот како тоа ќе го изведат.

Г-дин Фиданоски рече дека целосно стои зад овој проект, очекува и да се намали цената со негативно наддавање како што кажал и г-дин Петрушевски. Искуствено од размена на информации за оваа тема која што е актуелна во последно време е дека можеби ќе се употребат и панели од домашно производство. Според некои информации

со кои располага, регионално панелите од македонско производство се сметаат за доста квалитетни, и на тој начин ќе се даде поддршка и на производството од Македонија што ќе биде значајно за економијата. Рече дека има една мала сугестија, дилема. Во образложението стои дека панелите ќе се поставаат на покривот на зградата па би додал и секаде каде што е можно. Не мора да се прифати неговата сугестија, на пример ако не смета на работата на самиот чилер, на една од неговите страни има доволно сончев период во текот на денот па може и тука да се постават. Ова рече дека го предлага како лаик во областа така што стручните лица ќе го кажат последниот збор дали може или не може и каде може.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – услуга: Физибилити студија за оправданост за поставување на фотоволтаична централа во седиштето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Физибилити студија за оправданост за поставување на фотоволтаична централа во седиштето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та година.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-3548/3

06.10 **2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**